# ICP – Летна Студентска Програма

Оваа програма е наменета за редовни студенти од прва до последна студиска година, со која студентите имаат можност да го поминат летото во САД живеејќи и работејќи на територија на Walt Disney World во Орландо Флорида. Работните договори се со времетраење од 8 недели до 3 месеци. Визата што ја поддржува **ICP** програмата на **Walt Disney World** е J-1 со важност од 3 до 4 месеци максимален престој од кои 1 месец е туристички престој кој студентите можат да го искористат за шетање низ Америка. За време на туристичкиот месец, студентот нема право да работи и обврска на секој студент е самиот да го организира истиот.

**Услови за аплицирање:**

1. Апликантите да бидат редовни студенти
2. Да бидат на возраст од 18 до 26 години
3. Да зборуваат англиски јазик

**Документи потребни за аплицирање:**

1. CV напишано на англиски јазик
2. 2 фотографии пасошки формат
3. 2 копии од пасош
4. 2 препораки од претходни работодавци (не е задолжително)
5. Мотивационо писмо
6. Копија од претходна J1 виза (доколку студентот има)
7. Копија од SSN (доколку студентот поседува)

Со доставувањето на овие документи студентот има право да присуствува на презентацијата и на интервјуата за работа со рекрутерите од Walt Disney World. Доколку студентот добие работна понуда и ја прифати истата студентот е обврзан да ги достави и дополнителните документи кои се потребни за понатамошната процедура на програмата:

1. Интернационален извод – доколку студентот за прв пат аплицира за J1 виза
2. Потврда од факултет дека е редовен студент
3. Уверение за неосудуван

**Напомена:**

Откако студентот ке ја прифати работната понуда добиена после интервјуто и при доставувањето на дополнителлните документи е обврзан да уплати 3000 денари (неповратни средства) на жиро сметка на агенција Коузон. Овие 3000 денари понатака се прифакаат како дел од уплатата за здравствено осигурување (види подолу).

**Трошоци на програмата:**

ICP летната студентска програма на Walt Disney World е едиствената бесплатна програма на територија на Македонија и Србија. Ниту Коузон ниту било кој агент кој е претставник на Коузон нема право да зема провизија од страна на студентите. Студентите од друга страна пак се обврзани да си ги покријат основните трошоци кои всушност би ги имале при секое излегување надвор од границите на сопствената држава:

1. 131 долар за Америчка виза
2. 12 долари за пин
3. 35 долари за SEVIS
4. 100 до 150 евра здравствено осигурување
5. Авио билет (600 до 750 евра)

Средствата за осигурување и авио билетот се уплакаат после добивањето на виза. Исклучок од ова се првичните 3000 денари (неповратни средства) кои ги уплака студентот со прифакањето на работната понуда и поднесувањето на вториот дел од документите потребни за аплицирањето на оваа програма. Доколку студентот добие виза овие средства се прифакаат како прв дел од уплатата за здравственото осигурување.

Во случај студентот да не добие виза неповратни средства се:

1. 131 долар за Америчка виза
2. 12 долари за пин
3. 35 долари за SEVIS
4. 3000 денари

**Важно:**
Доколку студентот се откаже од програмата пред влез во амбасада а после доставувањето на дополнителните документи и уплатата на првиот депозит од здравственото осигурување, уплатените 3000 денари во никој случај не се повратни.

**Дополнителни информации:**

Сместувањето на студентите е обезбедено од страна на Walt Disney World. Студентите живеат во студентски кампуси кои се наоѓаат во околината на самиот резорт и се со 24 часовно обезбедување. Апликантите живеат во апартмани кои имаат од 2 до 3 соби. Во секоја соба живеат по двајца студенти и имаат заедничка  дневна, кујна и бања. Апликантите плакаат неделна кирија во износ од 80 до 105 долари во кои се вклучени трошоците за сместувањето, кујнски помагала, интернет, кабловска телевизија, локални телефоснки разговори. Транспортот до работа, часовите и други социјални активности е обезбеден и бесплатен и се врши со автобуси кои ги превезуваат исклучиво интернационалните апликанти на Walt Disney World.

При пристигнувањето во Walt Disney, апликантите имаат дводневен тренинг на кој им се даваат корисни информации за целиот престој во САД. Во овој период студентите се обврзуваат да уплатат еднократна такса во висина од 100 долари. Оваа такса е наменета за покривање на сите социјални случувања кои Disney World ги организира во кампусите за живеење.

Walt Disney World ги нуди следниве позиции за апликантите. Висината на платата се движи од 7.21 до 8.48 долари на саат. На апликантите им се нудат од 30 до 45 работни саати неделно со можност за екстра работни саати доколку самите апликанти изразат желба за тоа. Платата за секој екстра саат (над 40 часови неделно) изнесува саатнина и пол.

- Quick-Service Restaurant
- Host/Hostess
- Merchandise Host/Hostess
- Attractions/Operations Host/Hostess
- Custodial Host/Hostess
- Quick-Service Kitchen Only
- Lifeguard
- Hospitality
- Full-Service Food and Beverage Host/Hostess